**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 53 став 7 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019 и 27/2020), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА СИТЕ НЕСОГОРЛИВИ ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН КОИ СЕ СТАВААТ ВО ПРОМЕТ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ДОСТАВУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ КАКО И ВИДОТ НА СЕРТИФИКАТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата на известувањето за сите несогорливи производи од тутун кои се ставаат во промет, начинот на нивното доставување и следење како и видот на сертификати.

Член 2

Формата на известувањето е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Секоја промена на состојките во несогорливиот производ од тутун се следи врз основа на известување за дополнителни податоци.

Известувањето од ставот 1 на овој член се доставува во писмена форма пред планираното пуштање во промет.

Член 4

Безбедноста на електронскиот уред, напојувањето, батериите и полначите на батериите се потврдуваат со следните сертификати:

а) Електронскиот уред:

- IEC-Интернационална Електротехничка Комисија 60335-1, кој се однесува на безбедност на електронските уреди за домаќинство и слични електронски уреди. Безбедност – Дел 1: Општи барања;
- EN 55014-2 Електромагнетна компатибилност - Барања за апарати за домаќинство, електрични алати и слични апарати - Дел 2: Имунитет - Стандарден семеен производ;
- EN 55014-1 Електромагнетна компатибилност - Барања за апарати за домаќинство, електрични алати и слични апарати - Дел 1: Емисија.
- EN 61000-3-2 и EN 61000-3-3 Електромагнетна компатибилност.

б) Напојување:

- EN 60950-1, Опрема за информатичка технологија - Безбедност - Дел 1: Општи барања или EN 62368-1 кој се однесува на безбедноста на опремата за информатичка технологија и аудио/видео опрема и
- EN 61558-1, кој се однесува на безбедноста на енергетските трансформатори и реактори, единици за напојување и нивни комбинации – Дел 1: Општи барања и тестирање; со применливиот дел 2.

в) Батериите и полначите за батериите:

- IEC-Интернационална Електротехничка Комисија 62133-2 Секундарни ќелии и батерии што содржат алкални или други не-кисели електролити. Безбедносни барања за преносни запечатени секундарни литиумски ќелии и за батерии направени од нив, за употреба во преносни апликации, - Дел 2: Литиумски системи.

Безбедноста на пакувањата за исполнување на стандардите за сигурност на деца, се потврдува со следните сертификати:

- EN 862, кој се однесува на пакувања за еднократна употреба кои неможат да бидат затворени по нивното отворање, кои содржат една или повеќе единици, и
- ISO 8317 стандард за пакувања, безбедни за деца кои можат да бидат затворени по нивното отворање и кој се применува на фармацевтски и хемиски производи.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 29-3840/1
22 јуни 2020 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Трајан Димковски,** с.р.

ПРИЛОГ

**Арх. Бр.________**
**Датум __________**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА**
**ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**Аминта Трети бр. 2, 1000 Скопје**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НЕСОГОРЛИВИ ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН**

| ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО | | |
|---|---|---|
| а. | Полн назив на правниот субјект: | |
| б. | Адреса на седиштето и општина: | |
| в. | Телефон на лице за контакт: | |
| г. | Тел/Факс од правниот субјект: | |
| д. | Е - пошта: | |
| ѓ. | ЕМБ на правниот субјект: | |
| е. | ЕДБ на правниот субјект: | |
| ж. | Шифра на дејност: | |

Во прилог на ова барање се доставува следната документација:
*(Да се заокружи)*

1. Список на состојки за: (во електронска форма на ЦД носач, на македонски јазик)
   1.1. прво пуштање во промет
   1.2. дополнителни податоци
2. Достапни научни истражувања за токсичност, зависност и атрактивноста на несогорливиот производ од тутун, особено во однос на состојките и емисиите, во електронска (на ЦД носач), на македонски и англиски јазик.
3. Сертификати (во хартиена форма)

**Потпис на одговорното лице__________________**
**МП***
***Печат не ставаат трговските друштва согласно Законот за трговските друштва**